РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 04.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3829/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

2

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски

Никола Мицевски

Bekim Qoku

Дониел Стојчевски

Дафина Стојаноска

Миле Лефков

Зоран Кочевски

Бране Петрушевски

Ели Панова

Предлагачи: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/20, 110/21, 236/22, 147/24, 74/25 и 193/25), уредени се ефикасното користење на енергијата, политиките на енергетската ефикасност, надлежностите на Министерството за енергетика рударство и минерални суровини, обврските на јавниот сектор во однос на енергетската ефикасност и потрошувачка на енергија, обврзувачка шема и алтернативните мерки за енергетска ефикасност, енергетски контроли на големите трговци, енергетската ефикасност при производство, пренос, дистрибуција и снабдување, вршење на енергетски услуги и начините на финансирање на мерки за поддршка на енергетската ефикасност, енергетската ефикасност на зградите и означување на потрошувачката на енергија и еко дизајнот на производите кои користат енергија.

Потребата за измена е во делот на продолжување на овластувањата на енергетските контролори и се темели на одржување на правната сигурност и елиминирање на правна празнина, што би се појавила доколку не се продолжи рокот за важење на овластувањата за енергетски контролори, за кои е потребно да реализираат , кои произлегуваат од Правилникот за енергетски контролори на големи трговци и Правилникот за енергетски контролори на зградите, во кои е предвидено избор на правно лице за спроведување на обука .

Од овие причини до донесување на подзаконските акти за обука и усовршување на енергетски контролори на згради се бара продолжување на рокот за овластувањата за енергетски контролори.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за енергетска ефикасност.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Предлогот на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност, Собранието да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 74/25), во член 2 во ставот 1 во првата реченица датата:„ 30 јуни 2026 година“ се заменува со датата:„ 30 јуни 2027 година“, а во втората реченица датата: „ 31 декември 2025 година “ се заменува со датата:„ 31 декември 2026 година“.

Во ставот 2 датата: „ 30 јуни 2026 година“ се заменува со датата :„ 30 јуни 2027 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност содржи 2 члена.

Во членот 1 се менува рокот за овластувањата за вршење на енергетски контроли.

Членот 2 уредува влегување во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата кои произлегуваат со дополнувањето на овој предлог Закон се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение се елиминира правната несигурност која би настанала во однос на рокот за овластувањата за енергетски контролори.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, КОИ СЕ МЕНУВААТ
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 74/25)

Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 147/24) во член 29 ставот (1) се менува и гласи:

„Овластувањата за вршење на енергетски контроли издадени пред влегувањето во сила на овој закон важат до 30 јуни 2026 година и со истите можат да се вршат исклучиво енергетски контроли на згради. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, по службена должност, го усогласува рокот на важност во издадените овластувања, најдоцна до 31 декември 2025 година.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Издадените овластувања согласно со ставот (2) на овој член се со рок на важност до 30 јуни 2026 година.“.